Врз основа на чл. 384 и чл. 387 од Законот за трговски друштва, а во врска со чл. 19 и член 20 од Статутот на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје и Одлуката на Одборот на Директори бр. 02-305 од 27.08.2025 година,

**ТИТАН УСЈЕ АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА**

# П О В И К

**за учество на Собрание на акционери**

Собранието на акционери на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје ќе се одржи на ден 30.09.2025 година (вторник) со почеток во 13:00 часот во деловните простории на друштвото кои се наоѓаат на ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје со следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Процедурален дел (Избор на Претседавач и бројач на гласови);
2. Донесување на Одлука за одобрување на зделки со заинтересирани страни;

На седницата на Собранието може да присуствува секој акционер лично, а може и да именува лице кое ќе го застапува на Собранието и ќе гласа во негово име. Овластеното лице треба да има писмено полномошно.

Акционерот кој ќе овласти лице да го застапува треба веднаш, по писмен пат да го извести Друштвото за назначување на свој полномошник за Собранието, преку Архивата на Друштвото до Правна служба или електронски, на следната e-mail адреса: marijaz@usje.mk.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието должен е да го пријави своето учество на Собранието, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

За полномошник на Собрание можат да бидат овластени и лица кај кои има конфликт на интереси.

За полномошник на Собранието може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерот од кој се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Акционерите на Друштвото кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред.

Вклучување на нови точки во дневниот ред може да се врши по писмен пат на начин согласно чл. 390 од Законот за трговски друштва, најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

Акционерите и нивните застапници кои ќе учествуваат во работата на Собранието, своето присуство треба да го пријават во Архивата на Друштвото или на следниот телефонски број 02/2786-135, заради евидентирање.

Материјалите и документите по точките од дневниот ред, како и дополнителните информации согласно ЗТД се достапни од денот на објавувањето на овој повик и акционерите ќе можат да ги разгледуваат и добијат секој работен ден, во седиштето на Друштвото во Архивата и на официјалната интернет страница на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје www.usje.mk.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Бул. Борис Трајковски 94
1000 Скопје, Република Северна Македонија

T. + 389 2 2782 500, Факс: +389 2 2786 390

E. contact@usje.mk
www.usje.mk